Иљо Трајковски

# Париска мировна конференција

Создавање на заедничка држава Кралството СХС и големите сили



**Клучно прашање**

## Колку Парискатa мировна конференција била значајна за народите од Балканот?

**Тема:**
Главната тема на оваа работилница е периодот по Првата светска војна, Парискатa мировна конференција и создавањето на Кралството СХС/Југославија. Темата е релевантна за сите држави инволвирани во проектот и е многу контроверзна и чувствителна. Создавањето на оваа нова држава ќе претставува појдовна точка за многу конфликти и војни на Балканот.

**Очекувани резултатиs:**
• Стекнување на основни знаења за Парискатa мировна конференција.
• Проценување на значењето на Парискатa мировна конференција, очекувањата и разочарувања помеѓу луѓето на Балканот.
• Анализирање на значењето на одлуките на Парискатa мировна конференција за малите народи и како тие влијаеле на Балканот.
• Примена на знаењето за Парискатa мировна конференција во контекст на ситуацијата на Балканот во денешно време.

**Цели:**
• Преглед на очекувања и разочарувања од Парискатa мировна конференција, а особено од признавањето на новата држава од Парискатa мировна конференција
• Критичко разбирање на влијанието на светската политика врз ситуацијата на Балканот

**Упатство за наставниците**

**Чекор 1** – Вовед (контекстуализација)
Наставникот ја претставува темата, го чита воведот и објаснува за различните извори. За работа со првата група на извори, учениците ќе бидат поделени во четири групи

**Чекор 2** – Првите две активности се одвиваат истовремено но во различни групи. По формирањето на најмалку 6 групи од по 4 члена, наставникот ги дава првите два извори за Активноста 1 во првите три групи, а останатите три добиваат извори за Активноста 2. На располагање учениците имаат 7 минути за објаснување на заклучоците. Наставникот по случаен избор бира една од групите од Активноста 1 и една од Активноста 2, а коментарите од останатите групи се добредојдени.

**Чекор 3** – Како и во претходниот случај, следуваат две активности кои се одвиваат истовремено. Овој пат наставникот бира по еден ученик од групата, така да остануваат 6 групи од по 3 ученика и седма група која ќе има 6 ученици.
Активност 3 содржи три групи на извори и три прашања на кои треба да се даде одговор. Секоја група на извори и секој одговор ќе биде даден на двете групи на ученици. Седмата група на ученици ќе работи на Активност 4 или ќе ги добие 14 точки на претседателот на САД, Вудро Вилсон, како и извор, и ќе одговара на прашањата.

90
минути

**Чекор 4** – По случаен пат, наставникот ги бара одговорите и ги вклучува сите ученици да дадат забелешки и коментари на дадените одговори.

**Чекор 5** – Наставникот ги воведува учениците во темата или може да изготви краток контекст на основните информации за Кралството СХС / Југославија. Исто така може да ги користи двете карти на Балканскиот Полуостров од 1913 и 1919 година.

**Чекор 6** –Наставникот ќе формира 4 групи од по 6 ученици, ќе им ги даде знамето и грбот на Кралството СХС како и монетите кои биле во оптек во кралството.

**Чекор 7** – Наставникот ќе ги спои двете групи како би можеле учениците да работат со повеќе документи и извори. Учениците ќе започнат со Активност 6, а двете групи ќе работат на изработка на временската лента за дадените информации.

**Чекор 8** – Учениците и наставникот ќе се обидат да го дадат одговорот на клучното прашање – Колку Парискатa мировна конференција се покажала значајна за народите од Балканот?

## Активност 1

**Учениците се поделени во група од по четворица, дискутираат и ја анализираат илустрацијата користејќи ги овие прашања:**

1. Опиши што гледаш на илустрацијата!
2. Зошто се овие личности на цртежот?
3. Зошто е илустрацијата наречена “Злостор на столетието?“
4. Дадете го одговорот на прашањето поставено на дното од илустрацијата!

Извор **1**

Основната цел на оваа конферецијa е да се казнат силите на Оската кои се сметаа за одговорни за почетокот на Првата светска војна. Неколку некогашни европски царства се уништени, а другите фатално ослабнати. Падот на царството ја пружил можноста на некои мали народи ширум Европа.

*Margaret Olwen MacMillan, Paris 1919: Peacemakers: Six Months That Changed the World, London 2003.*

Извор **2**

**Политички постери од Првата светска војна -** Злостор на столетието- кој го направил?




http://history148-20thcenturyusa.blogspot.com
Chicago Tribune, USA, 1914.

## Активност 2

1. Спореди ги двете карти и воочи ги последиците од првата мировна спогодба во Европа!
2. Прочитај го текстот на карикатурата и пронајди како и зошто е цртежот поврзан со картите!

Извор **1**




**- сите мои години на учење се залудни!**

- All my years of study wasted!

*Cartoon “Redrawing Europe” published 18/02/1919, Berryman Political Cartoon Collection*

Извор **2**

**Карта на Европа од 1918**




*http://florigkor.com/WALL5295708.gif*

Извор **3**

**Карта на Европа од 1914**



## Активност 3

1. Спореди ги првите четири извори и воочи дали имаат заеднички цели!
2. Спореди го говорот на Претседателот В. Вилсон со изјавата на министерот за надворешни работи на Германија!
3. Анализирај ја картата и воочи кои нови држави се појавиле!

Извор **1**

**“Големата четворка“, Сојузничките водачи на Париската мирова конференција.**



Советот на четворицата на Мировната конференција во Париз по Првата светска војна, 27.05.1919
:// . . /



**Жорж Клемансо**



**Вудро Вилсон**



**Дејвид Лојд Џорџ**



**Виторио Орландо**

Извор **2**

**Изјавата на Д.Л. Џорџ, Британски премиер од 05.01.1918**

Прво барање (...) (е) независноста на Белгија и репарација која може да се добие за уништувањето на белгијските градови и краишта. Ова не е барање за воена одштета како онаа што и била наметната на Франција од страна на Германија 1871.
(...) Ние веруваме, дека независната Полска, која се состои од сите оние вистински полски елементи кои сакаат да бидат нејзин дел, е итна и неопходна за стабилноста на Западната Европа.
(...) На крајот, мора да се дојде до репарацијата за штетата настаната за кршење на меѓународното право. Оваа конференција не смее да ги заборави нашите морнари и нивните заслуги, како ни ужасот низ кој што поминале за

Извор **3**

**Писмо на Аристид Бријанд за Жил Камбон од 12 јануари 1917**

По нашето мислење, Германија повеќе не смее да има ниту педа од земјата преку Рајна; организацијата на овие територии, нивната неутралност и нивната привремена окупираност мораат да се разгледаат со размена на мислењата помеѓу сојузниците. Важно е, меѓу другото Франција, како најдиректно заинтересирана за територијалниот статус на овој регион, да го има водечкиот глас во испитувањето на ова сериозно прашање.

*The Foreign Policy of France from 1914 to 1945 by Jacques Néré, Routledge Publishers, 2002, p. 267.*

Извор **4**

**Говор на Претседателот на САД, Вудро Вилсон, од 8 јануари 1918**

Тоа што го бараме во оваа војна, не е ништо посебно за нас. Сакаме светот да се уреди и биде безбеден за живот, а особено светот да биде безбеден за секоја мирољубива нација, како што е нашата, која сака да го живее својот живот, да ги уредува своите институции, да биде убедена во праведноста и праведните односи со останатите народи во светот, против користење на насилството и себичната агресија. Сите народи од светот се впрочем партнери во тие настојувања, а ние од нашата страна јасно гледаме, дека, доколку не се укаже на правдата кон другите, нема да ја има ни кон нас.

*http://www.firstworldwar.com/source/fourteenpoints.htm*

Извор **5**

**Централна Европа по Првата светска војна**




- предвоени граници
- повоени граници
- Германски загуби
- Руски загуби
- Бугарски загуби
- Бивша Австро-Унгарија

*http://faculty.unlv.edu/pwerth/Europe-1919-2.jpg*

Извор **6**

**Извадок од “Германија пред мировната конференција“ од авторот гроф фон Брокдорф-Ранцау (Count von Brockdorff-Rantzau)**

Ние ги одбиваме нашите непријатели како судии поради нивните пресуди. Ние не можеме да се потчиниме на тврдењата од освојувачите (победниците) туку единствено на непристрасниот суд. Според тоа, јас не можам да си дозволам да се оддалечам од точките на Вилсоновиот мировен програм кои го признаваат и двете страни (...) Ние сме подготвени и за ограничување на нашиот суверенитет доколку нашите поранешни непријатели и идни соседи не прифатат исти ограничувања.

(...) Поради тоа, ние се придржуваме до Вилсоновите принципи, а тоа е да не се плаќа никаква отштета на победниците и да не се одзима никаква територија од поразените. Подготвени сме да ја поправиме штетата, која настанала поради нашите напади, врз цивилите и на териториите кои сме ги окупирале, но доколку повторно изградиме тоа што е уништено, сакаме тоа да биде од нашата бесплатна работа.

*The Living Age Company, Boston, USA, 1919, pp. 68-9. Brockdorff-Rantzau was Foreign Minister of Germany during the Paris Peace Conference*
*http://www.hoddereducation.co.uk/SiteImages/d7/d7270073-b719-494e-9ced-95252ae44e72.pdf*

## Активност 4

1. Внимателно прочитајте ги 14 точки на Претседателот на САД, Вудро Вилсон и подредете ги според важноста!
2. Објасни зошто на твојата листа се така подредени точките!
3. Кои од 14 точки се применливи за балканските збиднувања кон крајот на Првата светска војна?

Извор 1

**14 точки на Претседателот на САД, Вудро Вилсон**

1. Договорите за мир треба да се склучуваат јавно но по нив не треба да има никакви таени договори и дипломатијата секогаш ќе работи јавно
2. Апсолутна слобода на поморските патувања во време на војна и мир надвор од територијалните води
3. Укинување на сите економски пречки
4. Снижување на националните вооружувања на најмала мерка која ја гарантира безбедноста на одделните земји
5. Непристрасно решавање на колонијалните барања, земајќи ги во предвид интересите на народите за кои станува збор
6. Заминување на странските воени сили од руската територија
7. Заминување на странските воени сили од Белгија и воспоставување на нејзина потполна сувереност
8. Ослободување на целата територија на Франција со корекција на границите во Алзас и Лорен кои во 1871 г. биле одземени од Прусија
9. Воспоставување на Италија во нејзини национални граници
10. Потполна слобода за автономен развиток на народите од Австро-Унгарија
11. Евакуација на Романија, Србија и Црна Гора како и слободен приод кон морето за Србија
12. Автономен развиток за нетурски народи во Османското царство, слободен премин низ Дарданели
13. Основање на слободна Полска со излез на море и приклучување на оние територии кои се населени со Полјаци
14. Основање на Друштвото на народите, кое ќе овозможи политичка и територијална гаранција на независноста на малите држави

*http://www.firstworldwar.com/source/fourteenpoints.htm*



Извор **1**

**Лондонски договор 1915**




ЛЕГЕНДА:
ТЕРИТОРИИ ПОНУДЕНИ НА Италија, Србија и Црна Гора во Лондон 1915.

-- . – Меѓународна граница;

..... Границата на регионот:

светлозелена – додадено на Италија;

портокалова – додадено на Србија;

жолта – поделено помеѓу Србија и Црна Гора.

Извор **2**

**Мајска декларација**

Член 4

На идните мировни договори на Италија ќе и се даде дистрикт Трентино, комплетен јужен Тирол се до негови природни географски граници, преминот Бернер; градот и дистриктот Трст; округот Гирица и Градишка; комплетен полуостров Истра (...)

Член 5

На Италија ќе и биде дадена Далмација во нејзини сегашни административни граници (...)

Член 9

Франција, велика Британија и Русија во принцип го прифаќаат интересот на Италија во одржувањето на рамнотежата на силите во Средоземието и нејзиното право во случај на расцепот на Турција, на дел еднаков на турскиот дел од Средоземието (...)

Член 11

На Италија ќе и припадне воена отштета која одговара на размерите на нејзините жртви и напори

Член 16

Овој договор ќе се држи во тајност

*: Great Britain, Parliamentary Papers, London, 1920, LI Cmd. 671, Miscellaneous No. 7, 2-7*

Извор **3**

### Прогласување на Државата на Словенците, Хрватите и Србите, Загреб, 29. 10. 1918.

Далмација, Хрватска, Славонија со Риека, се прогласуваат за целосно независни држави (бурен аплауз и одобрување) во однос на Унгарија и Австрија па според модерните начела, а врз темелите на народното единство на Словенците, Хрватите и Србите пристапува кон заедничка народна суверена држава на Словенците, Хрватите и Србите на целото етнографско подрачје, без оглед на териториите и државните граници, во кои народите Словенците, Хрватите и Србите денес живеат. (Така е! – повторно сите стануваат со бурен аплауз).
Сеопфатно народно уставотворно собрание на обединетиот народ Словенците, Хрватите и Србите ќе одлучи со однапред квалификувано мнозинство кое потполно штити од секакво мајоризирање, конечно како во форма на владеење така и во внатрешниот државен поредок на нашата држава, втемелен на потполна рамноправност на Словенците, Хрватите и Србите (аплауз и одобрување)
Во Загреб, на ден 29. октомври 1918

*PROGLAŠENJE DRŽAVE SLOVENACA, HRVATA I SRBA*
*Zagreb, 29. oktobra 1918*
*F. Šišić, Dokumenti, 189—196*

Извор **4**

### Муслиманите од Босна ја прифаќаат државата на Словенците, Хрватите и Србите

Политички претставници на муслиманите од Босна и Херцеговина, се определија “за политиката на народното обединување“ во септември 1918 година, а кога во октомври 1918 година во Загреб се создало НВ СХС, водачи на босанско-херцеговачките Муслимани упатиле на НВ СХС следната изјава:
“ Со ова објавуваме дека се согласуваме со начелата од Загребската резолуција од март 1918, во која е содржано начелото за безусловно народно самоопределување и обединување на Србите, Хрватите и Словенците, во независна, врз демократски темели изградена народна држава. Придржувајќи се до овие темелни начела, се обврзуваме дека нема, ниту како поединци ниту пак како собир, да истапуваме во јавниот живот, ниту да изјавуваме, без претходно одобрување на Народниот совет на Словенците, Хрватите и Србите.
Изјавата ја потпишале др. Халилбег Храсница, Зија Ризаефендиќ, др. Мустафа Демишлиќ, др. Мехмед Спахо, др. Мехмедбег Зечевиќ и Хифзи Муфтиќ

*Glas Slobode, br.223 od 19.10.1918. godine; Srđan Budisavljević, Stvaranje države Srba, Hrvata i Slovenaca, Zagreb, 1958. godine, стр.. 79*

Извор **5**

### Собрание во Подгорица, Одлуки

Во текот на заседанието од 13 ноември 1918, Собранието ги донесе следните одлуки:
1. Кралот Никола Петровиќ и неговата династија да се симнат од тронот,
2. Црна Гора и Србија да се обединат во една држава под династијата Караѓорѓевиќ и така обединети да станат заедничка Југословенска држава,
3. Извршен народен одбор од 5 члена кои треба да се изберат, да раководи со Црна Гора се додека заедницата на Црна Гора и Србија не биде комплетна,
4. Со овие заклучоци да биде известен кралот Никола како и Владата на Кралството на Србите и сојузничките земји: Франција, Англија, САД и Италија. По октомвриската револуција, Русија повеќе не била во сојузничкиот блок.

*J.Jovanovic, Stvaranje Crnogorske drzave i Razvoj Crnogorske nacije, 1947, Cetinje, p.436*

Извор **6**

### Собрание во Подгорица, ноември 1918



*http://www.montenegrina.net/pages/pages1/istorija/cg_izmedju_1_i_2_svj_rata/podgoricka_skupstina_n_martinovic.htm*

Извор **7**

**Загреб, 29. 10. 1918. прослава на одлуките на Хрватскиот Собор за напуштањето на Австро-Унгарија**






*http://www.daz.hr/izlozba_persic_galerija.htmlDownloaded November 1st, 2012.*
*http://www.skyscrapercity.com/showthread.php?t=679752&page=26*

Извор **8**

**Првата словенска влада во државата на Словенците, Хрватите и Србите, ноември 1918.**



*http://www.skyscrapercity.com/showthread.php?t=679752&page=26*

Извор **9**

**Прослава на улиците на Љубљана и Целје**







*http://en.wikipedia.org/wiki/File:KongressfallofAH.jpg*

Извор **10**

**Влегување на српската војска во Загреб, ноември 1918.**

*http://hr.wikipedia.org/wiki/Prosinačke_žrtve_5._prosinca_1918*








Извор **11**

**Во текот на Првата светска војна ,во Хрватска биле неколку активни бригади под заедничко име Домобрани, како дел од австроунгарските воени сили. По обединувањето во Кралство СХС тие воени единици се распуштени, а како реакција на одлуката од 5.11.1918, војниците протестирале на улиците на Загреб, а им се придружиле неколку стотици граѓани. Загребската полиција отворила оган и убила 14 луѓе. Тоа беа првите жртви во новата држава.**




*Vecernji list, 04.12.2010, Zagreb*
*http://hr.wikipedia.org/wiki/Prosinačke_žrtve_5._prosinca_1918*

## Активност 7

**Играње улоги:**
Тркалезна маса на Париската мировна конференција – Македонското прашање

Првата група работи со изворите поврзани со документите кои ги издале македонските политички групи и интелектуалци.

Втората група работи со документи (писма, новински написи) упатени на Париската мировна конференција од страна на странците кои биле запознаени со ситуацијата во Македонија.

Третата група ќе ги анализира извадоците од записниците од Париската мировна конференција.

Извор 1

### Меморандум на ВМРО

ВМРО (внатре во Македонија) испратило меморандум на бугарските власти, негирајќи го правото на бугарската делегација да го застапува македонскиот народ на Мировната конференција. “ Во овие денови Македонија има право да го крене својот глас за ослободување, за својата слобода. Македонија го крева својот глас пред целиот свет и пред бугарскиот народ и неговите власти“

*Ристо Стефов, Докази за постоењето на Македонци низ вековите, Скопје 2000.*

Извор 2

### Телеграма до Мировната конференција

Цирих, 14. 2. 1919.
Собранието на македонските претставници надвор од Македонија бара од Вас да интервенирате на Мировната конференција, така да на Македонците им биде признаено правото на самоуправа, следејќи ги примерите на останатите народи, на тој начин потврдувајќи ги Вашите хумани принципи кои ќе обезбедат мир на Балканот и придонесат за границите на универзален мир.

*Телеграма на македонското политичко здружение, “Македонија на Македонците“од Цирих упатен на Жорж Клемансо, Историја на Македонија,Скопје 1998.*

Извор 3

### Апел упатен до Мировната конференција

Генералното собрание на сите македонски заедници во Швајцарија пратило апел на револуционерната организација на Мировната конференција во кој инсистира на овозможување Македонија на Мировната конференција да ја претставуваат нејзините делегати.

“Што се однесува до објаснувањето кое го дадоа премиерите, по прашањето на територијалните барања на Србија и Грција, генералното собрание на македонските заедници во Швајцарија уште еднаш си зима за право да апелира кон почитуваните претставници на Мировната конференција да дозволат македонскиот народ сам да се ја определи и дефинира својата иднина во согласност со принципите дека ниту еден народ никогаш нема да ја поднесува странската власт доколку е штетно и непрофитабилно.3

2"33N#96,768 464.8976 cm BT 9 0 0 -8 27.8085TJ /6406 TJ1.1 1 Tf (3) -0.3E()-22 (# 122(!)() -0"#

Извор **5**

**Рудолф Арчибалд Рајс за Македонците**
*(1876-1929)*

Кажав дека повеќе би сакал да ве наречам Бугарофони Македонци. Ги нарекувате овие луѓе Бугарофони, поради јазикот кој наликува на бугарскиот. Но, дали е тоа бугарски јазик, се зборува ли тој во Софија? Не. Македонскиот е исто сличен колку на српскиот толку и на бугарскиот. Јас не сум лингвист, и не би си дозволил да дадам лична проценка, но непристрасни балканолози ми потврдија дека македонскиот јазик е повеќе сличен кон српскиот отколку кон бугарскиот јазик. Можеби има лингвисти кои ќе тврдат спротивно. Но останува фактот дека на македонскиот јазик не се зборува ниту во Софија ниту во Белград. Тоа е посебен словенски јазик, како што ние имаме романски во Швајцарија, кој се зборува во Гризон, покрај италијанскиот. По мое мислење, Македонците не треба да се нарекуваат ниту Бугари, ниту Срби туку едноставно Македонци.

*R. A. Reiss, Sur la situation des Macedoniens et des musulmans dans les nouvelles provinces grecques. Paris, 1918, pp. 6-7.*

Извор **6**

**Меморандумот на Џемс Буршие за создавање на Македонија**

Лондон 26. 2. 1919.

(1) Во интерес на правдата и идниот мир на Балканскиот полуостров, неопходно е новите граници да се формираат така да што е можно повеќе коинцидираат со границите на тамошните народи.

(2) Во случајот со Македонија е пожелно овој принцип да се примени, во поглед на барањата на спротивставените соседни држави, кои биле извор на сиромаштијата на овој народ во изминативе години од речиси половина век. Со автономната влада под заштита на големите сили, населението би можело да се занимава со сопствените интереси, да живее и напредува без малтретирање на кое до сега било изложено.

(3) Ако ја прифатиме теоријата која ја развиле Србите и Грците, дека националната свест на Македонците е "флуидна" и да не се покажува пристрасност кон било која странска пропаганда, природен заклучок е дека тие сами треба да се раководат и треба да се усвои принципот "Македонија на Македонците".

(5) Автономната македонска држава треба да се протега од Шар планина (етничката граница на Србите) на север, до Егејското море на југ, како и до границите со Бугарија на исток и Албанија на запад. Јужната граница ширејќи се од Касториското езеро до устието на Вардар, би го оставила местото Бер (Вер) на Грција, а Грција исто така би ги задржала Нигрит и Халкидик.

(7) Откажувањето на Србија и Грција од македонската територија која ја окупирале од 1913 не би било неразумно со оглед на големите проширувања кои би ги добила оваа држава до сега.

(8) Солун, кој е комерцијално неделив од внатрешноста, природно би станал главен град на новата држава.

(9) Вака предложеното решение би ја задоволило масовно присутната желба за автономија кој постоела во Македонија и во Солун многу години наназад.

*Pages 651-652, The University of "Cyril and Methodius", Documents on the Struggle of the Macedonian People for Independence and a Nation-State, Volume I 1982*
*http://mk.wordpress.com/tag/aegean-sea/*

Извор 7

**Јули- ноември 1919.**

1. Записник од триесет и третата седница на Одборот на новите држави, 15. 7. 1919.

Дискутирано е решението со новата држава на Србите Хрватите и Словенците. Предлогот на Италија, да и се даде право на автономија на Македонија (Анекс А) и Албанија (Анекс Б) бил на дневен ред и многу долго се дискутирало. Претставникот на Италија ја нагласувал важноста за доделување на неопходната сигурност за заштита на населението во Македонија, особено на Словените кои не се Срби. Г-динот Лепер сугерирал дека нема сомнеж да некој облик на самоуправа, српската влада треба да и додели на Македонија, не било сигурно дали треба и таква обврска да и се наметне на државата на Србите, Хрватите и Словенците, па би било подобро, како прв чекор, да се распраша какви се предлозоте на Владата на СХС за решавањето на ова подрачје. Г-динот Ларош ја нагласил важноста да не се поткопува авторитетот на Владата на СХС, воспоставувајќи држава во држава, и силно замолил мешањето во внатрешните работи на државата да биде сведено на минимум.

Ален Лепер, шеф на Прес биро на британската делегација на Париската мировна конференција

Жил Ларош, делегат на француската делегација на Париската мировна конференција и член на Одборот за новата држава

2. Записник од триесет и деветата седница на Одборот за новите држави, 30. 7. 1919.

(...)Одборот потоа расправал за Македонското прашање. (1497) Изнесени се два предлога, најнапред нацрт кој го подготвил полковникот Кастолди*, (1498) по барање, прикажувајќи ја Македонија како автономна област слични како е направено за Рутениа* (1499) Постигната е општа согласност дека ова не било можно да се усвои. Втор предлог бил од британскиот претставник, да се изготват аранжмани со кои Лигата на народите би била овластена да ги задржи претставниците во македонија, како би ја зајакнале гаранцијата против репресии

Никаква дефинитивна одлука не произлегла од овие расправи, но е договорено да различните членови на Одборот требаат, по можност, да изнесат некои конкретни предлози на следниот состанок

*полковник Кастолди, член на италијанската делегација во Одборот за новите држави

* Рутениа се однесува на Украина

*D. H. Miller, My Diary, p. 323; Recueil, 215.*